Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 45 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за менување на лиценца за производство на електрична енергија УП1 бр.12-145/18 од 15.10.2018 година на Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 23.11.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево, со седиште на Населено место без уличен систем бб - индустриска зона Василево, му се менува лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија во фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „АГРО ГАМА"., издадена со Одлука, УП1 бр. 12-06/16 од 20.04.2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/16)

2. Менувањето на лиценцата се врши по барање на Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево поради зголемување на техничко технолошкиот процес и производствениот капацитет извршен со доградба на ФЕЦ „АГРО ГАМА" за дополнителни 90,72 kW.

3. Во Прилог 1 точката 5 се менува и гласи: ЕЕ – 268.01.1/16/02/18

4. Во Прилог 1 во точките 11, 14,15 и 17 зборовите „Регулаторна комисија за енергетика" за заменуваат со „Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија"

5. Во Прилог 2 точката 1 се менува и гласи: име на фотоволтаичен систем – „АГРО ГАМА" со инсталирана моќност од 114, 24 kW;

6. Во Прилог 2 точката 3 се менува и гласи:
   податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 96 x 245W + 324 x 280W ,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул – PTSolartec-245W и ПИКЦЕЛ ГРУП ДОО Скопје;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
  - Моќност на модул: 245 Wp / 280 Wp,
  - Напон: 30,3V / 34,33V,
  - Струја: 8,08A / 8,23
- Вкупна инсталирана моќност: 114,24 kW.
- тип, производител и номинални податоци на инвертор –Diehl-Platinum GmbH, Gemany и – FRONIUS International GmbH, Австрија

7. Во Прилог 2 точката 5 се менува и гласи: очекувано производство на електрична енергија – 127 MWh – годишно

.

8. Оваа Одлука е конечна во управна постапка.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево, со седиште на Населено место без уличен систем бб - индустриска зона Василево, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање УП1 бр. 12–145/18 од 15.10.2018 година за менување на лиценца за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од ФЕЦ „АГРО ГАМА“. За дополнително инсталираната моќност Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево има обезбедено Решение за изведување/поставување на фотоволтаична централа за КП бр. 1318, КО Василево УП1 бр. 10-3736 од 24.09.2018 година со правосилност од 24.09.2018 година издадено од Општина Василево како и извештај од надзорен инженер за ставање во употреба на дополнително монтираните модули за фотонапонската електроцентрала.

Регулаторната комисија за енергетика, имајќи ги во предвид одредбите од член 236 став 11 од Законот за енергетика, коишто предвидуваат примена на Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) до донесувањето на нов Правилник за лиценци, постапката за издавање на лиценцата на Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево, спроведе постапка согласно член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Врз основа на горенаведеното и согласно член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 45 од Законот за енергетика и член 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика, на ден 23.11.2018 година, одржа редовна седница на којашто донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ „АГРО ГАМА“, на Друштво за производство, трговија и услуги АГРО ГАМА ДОО увоз - извоз Василево.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-145/18**
**23.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**